Член 20

По секоја спроведена фаза на селекција, резултатите од претходно поминатите фази се приложуваат кон пријавата.

Член 21

Врз основа на добиениот збир на бодови од поединечните фази на селекција, од страна на Комисијата се изготвува конечна ранг -листа.

Член 22

(1) По спроведување на селекцијата, од страна на Комисијата се врши избор на кандидати, притоа водејќи сметка за соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите на стручност и компетентност, како и принципот на еднаквост на половите и за тоа се составува записник.

(2) Записникот од ставот (1) на овој член и ранг листата од член 21 од овој правилник од страна на Комисијата се доставуваат до министерот за внатрешни работи.

Член 23

(1) Кандидатите кои се избрани се известуваат за времето и местото за потпишување на договорот од членот 6 став (2) алинеја 13 од овој правилник.

(2) Кандидатите кои се избрани врз основа на доставена електронска пријава и документи во скенирана форма се известуваат за да ги достават потребните документи за исполнување на пропишаните услови во оригинал или копија заверена на нотар во хартиена форма.

(3) Кандидатите кои не се избрани писмено се известуваат. На кандидатите кои пополниле пријава во хартиена форма им се враќаат сите документи што ги доставиле како доказ за исполнување на пропишаните услови.

Член 24

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката на селекција и избор на лица кои заснoваат работен однос во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 128/09 и 149/14).

Член 25

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/14 и 116/14).

Бр. 13.1-3994/1
22 јануари 2015 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

---

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**250.**

Врз основа на член 114 став (2) од Законот за воздухопловството („Службен весник на Република Македонија” бр. 14/06, 24/07, 103/08 67/10, 24/12, 80/12, 155/12 и 42/14), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ И НАДЗОРОТ НА ГРАДБАТА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛОВИДБЕНОСТ НА УЛТРАЛЕСНИТЕ ЛЕТАЛА (МИКРОЛЕСНИТЕ) И МОТОРИЗИРАНИТЕ КРИЛА

Член 1

Во Правилникот за условите и надзорот на градбата и начинот на утврдување на пловидбеност на ултралесните летала (микролесните) и моторизираните крила („Службен весник на Република Македонија” бр. 159/07) членот 12 се брише.

Член 2

Во членот 15 став 1 зборовите: “од член 12 на овој правилник” се бришат.

Член 3

Членот 30 се брише.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 февруари 2015 година.

Бр. 10-8/2
26 јануари 2015 година
Скопје

Директор
на Агенција за цивилно воздухопловство,
м-р **Горан Јандреоски**, МБА, с.р.

---

**251.**

Врз основа на член 103 став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12 и 42/14), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ И МЕСТОТО НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВИ РЕГИСТРИРАНИ И ЕВИДЕНТИРАНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗНАЦИТЕ ЗА ДРЖАВНА ПРИПАДНОСТ, РЕГИСТАРСКИТЕ ОЗНАКИ И ДРУГИТЕ ОЗНАКИ

### I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и местото на обележување на воздухоплови регистрирани и евидентирани во Република Македонија со знаците за државна припадност, регистарските ознаки и другите ознаки.

Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. Авион (aeroplane) е воздухоплов потежок од воздухот кој се движи на моторен погон и кој узгонот во лет главно го добива од аеродинамичните реакции на површините кои во одредени услови на летот остануваат неподвижни;

2. Балон (balloon) е воздухоплов полесен од воздухот кој се движи без моторен погон;

3. Воздухоплов (aircraft) е секоја направа што може да се одржува во атмосфера заради реакција на воздухот освен реакцијата на воздухот што се одбива од површината на земјата;

4. Воздушен брод (airship) е воздухоплов полесен од воздухот кој се движи со помош на моторен погон;

5. Воздухоплов полесен од воздух (lighter-than-air aircraft) е воздухоплов кој се одржува во воздух главно со својата аеростатичка сила.

6. Воздухоплов потежок од воздух (heavier-than-air aircraft) е воздухоплов кој својот узгон во лет главно го добива од аеродинамичните сили;

7. Едрилица (glider) е воздухоплов потежок од воздухот, без мотори, кој узгонот во лет го добива главно од аеродинамичните реакции на површините кои во одредени услови на летот остануваат неподвижни;

8. Жироплан (gyroplane) е воздухоплов потежок од воздухот кој се одржува во лет заради реакциите на воздухот на еден или повеќе ротори кои слободно се вртат на приближно вертикални оски;

9. Земја на регистрација (State of Registry): земјата во чиј регистар е впишан воздухопловот;

10. Мавтокрилец (ornithopter) е воздухоплов потежок од воздухот, кој се одржува во воздухот пред се заради реакциите на воздухот врз површините со кои се мавта;

11. Огноотопрен материјал (fireproof material) е материјал кој може да издржи топлина исто како или подобро од челик кога димензиите и во двата случаи се соодветни за специфичната намена;

12. Ротокоптер (rotocraft) е воздухоплов потежок од воздухот, на моторен погон, кој се одржува во воздухот пред се заради реакциите на воздухот врз еден или повеќе ротори;

13. Хеликоптер (helicopter) е воздухоплов потежок од воздухот кој се одржува во воздух главно заради реакциите на воздухот на еден или повеќе ротори на моторен погон на приближно вертикални оски;

14. Воздухоплови без пилот се воздухоплови кои се наменети да се користат/управуваат без пилот во воздухопловот, а во нив спаѓаат беспилотните слободни балони и воздухопловите со кои се управува далечински и

15. Други ознаки во смисла на овој правилник се евиденциските ознаки кои се користат за означување на воздухоплови кои не се по ICAO стандарди како и на аматерски градени воздухоплови

(2) Поимите „крила за слободно летање", „ултралесен авион", „ултралесно летало тежински управувано", „парамотор", „ултралесен жирокоптер", „моторизиран змеј" и „моторизиран параглајдер" користени во овој правилник, го имаат значењето утврдено со Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на пилоти на крила за слободно летање и Правилникот за условите и надзорот на градбата и начинот на утврдување на пловидбеност на ултралесните летала (микролесните) и моторизираните крила.

Член 3

(1) Заради обележување, воздухопловите се класифицираат на начин утврден со Табелата за класификација на воздухоплови дадена во Прилогот кој е составен дел на овој правилник.

(2) Табелата за класификација на воздухоплови од став (1) на овој член не се применува на воздухопловите кои не се по ICAO стандарди, како и на аматерски градени воздухоплови.

## II. Знаци на државна припадност, регистарски ознаки и други ознаки

Член 4

(1) Знаците на државна припадност се избираат од државните симболи, вклучени во радискиот сигнал за повик кој е доделен на Република Македонија од страна на Меѓународната унија за телекомуникација.

(2) Знаци на државна припадност на воздухопловите на Република Македонија се знамето на Република Македонија и ознаката "Z3" (зулу три).

(3) Знаците на државна припадност од ставот (2) на овој член се пријавуваат во Меѓународната организација за цивилно воздухопловство.

Член 5

(1) Регистарските ознаки на воздухопловите на Република Македонија претставуваат комбинација на букви или комбинација на броеви и тоа:

(а) комбинација на три букви од латиничната азбука, за означување на воздухоплов со сопствен погон, и

(б) комбинација на четири броеви, за означување на воздухоплов без сопствен погон.

(2) По исклучок од став (1) на овој член регистарските и евиденциските ознаки на:

а) крилата за слободно летање се состојат од:

1) буквата „P" и комбинација од три или повеќе броеви за параглајдер и

2) буквата „Z"и комбинација од три или повеќе броеви за змеј.

б) ултралесните летала се состојат од:

1) буквите „UA" и комбинација од три или повеќе броеви за ултралесен авион;

2) буквите „UW" и комбинација од три или повеќе броеви за ултралесно летало тежински управувано;

3) буквите „UP" и комбинација од три или повеќе броеви за парамотор;

4) буквите „UH" и комбинација од три или повеќе броеви за ултралесен хеликоптер;

5) буквите „UG" и комбинација од три или повеќе броеви за ултралесен жирокоптер;

6) буквите „US" и комбинација од три или повеќе броеви за ултралесна едрилица;

7) буквите „UPH" и комбинација од три или повеќе броеви за моторизиран змеј и

8) буквите „UPP" и комбинација од три или повеќе броеви за моторизиран параглајдер;"

в) воздухопловите без пилот се состојат од:

1) буквите „UNB" и комбинација од три или повеќе броеви за беспилотни слободни балони и

2) буквите „UNR" и комбинација од три или повеќе броеви за воздухоплови со далечински управувач.

(3) При формирањето на регистарските и евиденциските ознаки од ставовите (1) и (2) на овој член се внимава да не се користи комбинација која има друго значење во воздушниот сообраќај или може да создаде забуна со:

а) комбинацијата од пет букви која се користи во Меѓународниот кодекс на сигнали, Дел II,

б) комбинацијата од три букви која почнува со Q, а која се користи во Q кодексот и во сигналот за опасност SOS и

в) други сигнали за итност на пр. XXX, PAN и TTT.

(4) Сите воздухоплови треба да имаат различни регистарски, односно евиденциски ознаки.

Член 6

(1) Агенцијата за цивилно воздухопловство (во натамошниот текст: Агенцијата) може да резервира регистарски, односно евиденциски ознаки врз основа на поднесено барање за резервација на ознака од страна на сопственикот, односно корисникот на воздухопловот.

(2) За извршената резервација од став (1) на овој член Агенцијата издава потврда.

(3) Потврдата за резервација на регистарска, односно евиденциска ознака од став (2) на овој член се издава за период од шест месеци.

(4) По истекот на рокот од став (3) на овој член, Агенцијата може слободно да располага со резервираната регистарска, односно евиденциска ознака.

Член 7

(1) Воздухоплов кој е впишан во Регистарот, односно Книгата за евиденција на воздухоплови треба да носи плочка за идентификација на која се напишани ознаката “Z3” (зулу три) и регистарската, односно евиденциската ознака.

(2) Плочката за идентификација од ставот (1) на овој член треба да биде направена од огноотпорен метал или друг огноотпорен материјал со слични физички својства, во правоаголен облик со димензии не помали од 5x2 cm.

**III. Начин и место на обележување на воздухопловите со знаците на државна припадност, регистарските ознаки и други ознаки**

Член 8

Сопственикот, односно корисникот на воздухопловот ги одредува површините на воздухопловот на кои ќе се постават знаците на државна припадност и регистарските, односно евиденциските ознаки по претходна добиена согласност од Агенцијата.

Член 9

(1) При обележување на воздухоплов, знаците на државна припадност се ставаат пред комбинацијата од букви или бројки која претставува регистарска ознака и се одвојуваат со црта, при тоа формирајќи една целина.

(2) При обележување на воздухоплов кој не е по ICAO стандарди, како и на аматерски граден воздухоплов, знаците на државна припадност се ставаат пред комбинацијата од букви и комбинацијата од бројки кои ја сочинуваат евиденциската ознака и трите се одвојуваат меѓу себе со црти, при тоа формирајќи една целина.

(3) Знаците на државна припадност и регистарските, односно евиденциските ознаки се поставуваат на видно место на воздухопловот со боја која битно се разликува од бојата на воздухопловот или се прицврстуваат на воздухопловот на друг начин кој обезбедува сличен степен на трајност.

(4) Бојата со која се обележуваат знаците на државна припадност, регистарските и евиденциските ознаки треба да има хемиски состав кој нема реакција со материјалот од кој што е направена површината на воздухопловот и со тоа нема да ја нарушува структурата на материјалот.

(5) Знаците на државна припадност и регистарските, односно евиденциските ознаки треба да бидат секогаш чисти и видливи.

(6) На површините кои се одредени за обележување со знаците на државна припадност и регистарските, односно евиденциските ознаки не може да се наоѓаат други ознаки.

Член 10

(1) На воздухоплови потешки од воздухот кои вршат јавен воздушен превоз, ознаката на знамето на Република Македонија се поставува хоризонтално на двете страни на задниот дел од трупот.

(2) На воздухоплови полесни од воздухот, ознаката на знамето на Република Македонија се поставува хоризонтално под максималниот хоризонтален обем на балонот на две места кои се дијаметрално спротивни.

(3) На останатите воздухоплови кои не се опфатени со ставовите (1) и (2) на овој член, ознаката на знамето на Република Македонија се поставува хоризонтално на двете страни на фиксниот дел на вертикалниот стабилизатор.

(4) Ако воздухопловот не поседува ниту еден дел за обележување, наведен во ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ознаката на знамето на Република Македонија се поставува на место кое овозможува лесна идентификација на воздухопловот.

(5) Димензијата на ознаката на знамето на Република Македонија со кое се обележуваат воздухоплови потешки од воздухот кои вршат јавен воздушен превоз и воздухоплови полесни од воздухот, треба да биде поголема од 60x30cm, а за другите воздухоплови треба да биде поголема од 30x15cm.

Член 11

(1) На воздухоплов полесен од воздухот ознаката “Z3” (зулу три) и регистарските, односно евиденциските ознаки се обележуваат на следниот начин:

а) на воздушен брод (airship): на трупот или на површината на стабилизаторот и тоа:

- доколку се ставаат на трупот, се ставаат по должина на површината над надолжната оска од секоја страна на трупот и на неговата горна површина, по симетриска линија;

- доколку се ставаат на површината на стабилизаторот, се ставаат на хоризонталниот и вертикалниот стабилизатор. На хоризонталниот стабилизатор се ставаат на десната половина на горната површина и на левата половина на долната површина, со врвовите на буквите и броевите свртени кон нападната ивица. На вертикалниот стабилизатор се ставаат на секоја страна на долната половина на стабилизаторот, со буквите и бројките поставени хоризонтално.

б) на сферични балони (кои не се слободни балони без екипаж): на две места кои се дијаметрално спротивни, во близина на максималниот хоризонтален обем на балонот.

в) на несферични балони (кои не се слободни балони без екипаж): на секоја страна, во близина на максималниот попречен пресек на балонот непосредно над надолжната трака на која се прицврстени јажињата (rigging band) или над точките на приклучокот за јажињата кои ја држат корпата на балонот.

(2) На воздухопловите полесни од воздух (кои не се слободни балони без екипаж), ознаката “Z3” (зулу три) и регистарските, односно евиденциските ознаки кои се обележани на страните треба да бидат видливи од страна кога воздухопловот е во лет и од земја.

(3) На беспилотните слободни балони ознаката “Z3“ (зулу три) и регистарските, односно евиденциските ознаки треба да се постават на плочката за идентификација.

Член 12

(1) На воздухоплов потежок од воздухот, ознаката “Z3” (зулу три) и регистарските, односно евиденциските ознаки се обележуваат на:

а) крилата и тоа: на левата половина на долната површина на левото крило и не треба да се протегаат низ целата негова површина. Доколку е можно, ознаката “Z3” (зулу три) и регистарските, односно евиденциските ознаки се поставуваат на еднаква оддалеченост од нападната и излезната ивица. Врвовите на буквите и бројките од ознаката “Z3” (зулу три) и регистарските, односно евиденциските ознаки треба да бидат свртени кон нападната ивица на крилото;

б) трупот (или соодветна структура на воздухопловот) или вертикални опашни површини. На водухоплов потежок од воздухот се поставуваат на двете страни на трупот (соодветна структура на воздухопловот) помеѓу крилата и опашните површини или на двете страни на горните половини на вертикалните опашни површини. Доколку ознаката “Z3” (зулу три) и регистарските, односно евиденциските ознаки се поставуваат на една вертикална опашна површина, истите се обележуваат на двете страни а во случај кога се поставуваат на повеќе вертикални опашни површини, тогаш се обележуваат на надворешната страна на надворешните површини.

(2) Ако воздухопловот потежок од воздухот не поседува ниту еден дел за обележување, наведен во став (1) на овој член, ознаката “Z3” (зулу три) и регистарските, односно евиденциските ознаки се обележуваат на начин со кој се овозможува лесна идентификација на воздухопловот.

Член 13

(1) Буквите и бројките во ознаката “Z3” (зулу три) и регистарските, односно евиденциските ознаки на воздухопловот треба да бидат со исти димензии.

(2) Висината на ознаката “Z3” (зулу три) и регистарските, односно евиденциските ознаки на воздухоплови полесни од воздухот, кои не се слободни балони без екипаж, треба да биде поголема од 50 cm.

(3) Висината на ознаката “Z3” (зулу три) и регистарските, односно евиденциските ознаки на воздухоплови потешки од воздухот треба да биде поголема од 50 cm-за ознаки на крилата на воздухопловот, односно 30 cm-за ознаки на трупот (или соодветни структури) и на вертикалните опашни површини.

(4) Доколку воздухопловот не поседува ниту еден дел од ставот (3) на овој член или истите не се доволно големи, висината на знаците на државна припадност и регистарските, односно евиденциските ознаки се определува од страна на Агенцијата согласно Анекс 7 на Чикашката конвенција.

Член 14

(1) На воздухоплов потежок од воздухот може да се обележат и скратени регистарски, односно евиденциски ознаки составени од последните две букви или последните два броја, на површини кои се видливи од предната страна на воздухопловот кога стои на земја (носот на воздухопловот, или на предната врата од просторот на носната нога од стојниот трап и слично).

(2) Висината на скратените регистарски, односно евиденциски ознаки треба да биде поголема од 30 cm.

Член 15

(1) Ознаката “Z3” (зулу три), регистарските ознаки на воздухопловите односно другите ознаки на воздухопловите и скратените регистарски, односно евиденциски ознаки се испишуваат со латиница, големи букви во фонт “роман” и без украси додека бројките се испишуваат со арапски броеви и без украси.

(2) Ширината на секоја буква и бројка освен буквата “I“ и бројката “1“, како и должината на цртата меѓу ознаката “Z3” и регистарската, односно евиденциската ознака изнесуваат 2/3 од висината на буквите и бројките.

(3) Буквите, бројките и цртите треба да бидат испишани со полна линија и во боја која јасно се разликува од бојата на позадината. Дебелината на линијата изнесува 1/6 од висината на буквите и бројките.

(4) Буквите, бројките и цртите треба да бидат меѓусебно одвоени со простор од најмалку 1/4 од ширината на буквата или бројката.

Член 16

(1) На воздухоплов потежок од воздухот плочката за идентификација се поставува на видно место, покрај главниот влез на воздухопловот и на пилотската инструментална табла, додека на воздухоплов полесен од воздухот плочката за идентификација се поставува на внатрешната страна на корпата, односно на место заштитено од удар.

(2) На беспилотните слободни балони плочката за идентификација се поставува на видливо место на надворешноста на корисниот товар, додека на воздухопловите со кои се управува далечински, плочката за идентификација се поставува на видно место, покрај главниот влез на воздухопловот или на одделот или се фиксира на видно место на надворешната страна на воздухопловот доколку не постои главен влез или оддел.

Член 17

Во случај кога воздухопловот се брише од Регистарот на воздухоплови на Република Македонија, односно од Книгата за евиденција на воздухоплови, корисникот на воздухопловот треба пред испораката на воздухопловот да ги отстрани знаците на државна припадност, регистарската, односно евиденциската ознака и плочката за идентификација.

**IV. Преодни и завршни одредби**

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и местото на обележување на воздухоплови регистрирани и евидентирани во Република Македонија со знаците за државна припадност, регистарските ознаки и другите ознаки („Службен весник на Република Македонија” бр. 32/11).

Член 19

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 февруари 2015 година.

Бр. 10-78/1
26 јануари 2015 година
Скопје

Директор
на Агенција за цивилно
воздухопловство,
м-р **Горан Јандреоски**,МБА,с.р.

ПРИЛОГ

## Табела за класификација на воздухоплови

- Воздухоплови
  - Воздухоплови полесни од воздухот
    - Без погон
      - Слободен балон
        - Сферичен слободен балон
        - Несферичен слободен балон
      - Зрзан балон
        - Сферичен врзан балон
        - Несферичен врзан балон[1]
    - Со погон
      - Воздушен брод
        - Крут воздушен брод
        - Полукрут воздушен брод
        - Некрут воздушен брод
  - Воздухоплови потешки од воздухот
    - Без погон
      - Едрилица
        - Едрилица за слетување на копно
        - Едрилица за слетување на вода[2]
      - Змеј[4]
    - Со погон
      - Авион
        - Авион за слетување на копно[3]
        - Авион за слетување на вода[2]
        - Амфибијски авион[2]
      - Ротокоптер
        - Жироплан
          - Жироплан за слетување на копно[3]
          - Жироплан за слетување на вода[2]
          - Амфибијски жироплан[2]
        - Хеликоптер
          - Хеликоптер за слетување на копно[3]
          - Хеликоптер за слетување на вода[2]
          - Амфибијски хеликоптер[2]
      - Мавтокрилец
        - Мавтокрилец за слетување на копно[3]
        - Мавтокрилец за слетување на вода[2]
        - Амфибијски мавтокрилец[2]

1. Општо определен "змеј-балон".
2. "Пловки" или "чамец" може да се додаде ако е потребно.
3. Вклучен воздухоплов опремен со стоен трап во вид на скии (замена "копно" за "снег").
4. Само со цел да се постигне целина.